ВЕВЧАНИ

# ОПШТИНА ВЕВЧАНИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Бр.** 09-650/15
06.08. **2025 год.**

Врз основа на член 52 Законот за административни службеници ( Сл. весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и Сл. весник на РСМ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 05/2002 и Сл весник на РСМ бр. 202/2024) и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр. 04-650/14 од 05.08.2025 година и Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат, Градоначалникот на Општина Вевчани во постапката за унапредување, ја донесе следната:

ОДЛУКА
За унапредување на 2 (двајца) административни службеници

1. Се унапредува административниот службеник **Јасмина Ѓорѓиевска** вработена во општина Вевчани, од работно место со шифра УПР 0101В02000 – Виш соработник за планирање, организирање и извршување на буџет на работно место со шифра **УПР 0101В01000 – Советник - Одговорен сметководител со назив на работно место Советник.**
2. Се унапредува административниот службеник **Зорица Костојчиноска Дејковска** вработена во општина Вевчани, од работно место со шифра УПР0101В02000 – Виш соработник за администрирање на локални даноци, такси и надоместоци на работно место со шифра **УПР0101В01000 – Советник за администрирање на локални даноци, такси и надоместоци.**
3. Правата и одговорностите на унапредените административни службеници се уредени со правилникот за систематизација на работните места.
4. Одлуката ќе биде објавена на веб страната на општина Вевчани, а ќе стапи на сила со денот на донесување на истата.

Образложение

На ден 28.07.2025 година на интеренет страната на Агенцијата за администрација и на веб страната на општина Вевчани беше објавен интерен оглас за унапредување на 2 (двајца) административни службеници и тоа за работни места УПР 0101В01000 – Советник - Одговорен сметководител со назив на работно место Советник 1 (еде) извршител и УПР0101В01000 – Советник за администрирање на локални даноци, такси и надоместоци 1 (еден) извршител.

На ден 05.08.2025 година, Комисијата за селекција при унапредување формирана со Решение бр. 09-650/10 од 01.08.2025 година, се состана и изврши адми624нстративна селекција, по што закажа интервју со уредно пријавените кандидати и изготви Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр. 04-650/14 од 05.08.2025 година и Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат.


ОПШТИНА ВЕВЧАНИ
ул. Населено место без уличен систем Вевчани, 6335 Вевчани
Tel: +389 46 78 46 40
contact@vevcani.gov.mk
www.vevcani.gov.mk

# ОПШТИНА ВЕВЧАНИ

Имајќи ја предвид спроведената постапка по интерен оглас бр. 01/2025 година за унапредување на административни службеници во општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани како раководно лице на институцијата, врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа, одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука, незадоволните кандидати имаат право на жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на истата до Агенцијата за администрација.

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Спасе Кочовски**

**Доставено до:**

- **Архива**
- **Кандидати**


ул. Населено место без уличен систем Вевчани, 6335 Вевчани
Tel: +389 46 78 46 40
contact@vevcani.gov.mk
www.vevcani.gov.mk